ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
19 август 2014
Неделен Билтен
Неделен Билтен

# Асфалтирање на просторот околу новата автобуска станица

Петок, 15 август 2014

Во текот  на вчерашниот ден се изврши асфалтирање на делот кај новата автобуска станица по претходно извршените градежни активности за поставување на атмосферска канализација со нови цевки, поставување на тампонски слој и слој асфалт. Вкупно беа асфалтирани околу 650 метри квадратни. Со асфалтирање на овој дел се добиваат нови паркинг места кои се неопходни за градот.
Градежните активности продолжуваат и во текот на наредните денови на повеќе локации на територијата на општина Крива Паланка.
Изведувач на градежните работи е  градежната фирма  „Лабино Трејд“ од Гостивар.



# Трето издание на рок фестивалот „Џои фест" во Крива Паланка

Четврток, 14 Август 2014

На 23 август, во Крива Паланка, по трет пат ќе се одржи рок фестивалот „Џои фест", со гости - исклучиво домашни бендови. Ѕвезди на фестивалот ќе бидат „Суперхикс" и „Нокаут", а, покрај нив, ќе настапат и „Протагонист“, „Скајраис“ и „Парпл цепелин". „Џои фест" ќе се одржи на плоштадот Карпошово востание со почеток во 19 часот и ќе трае до раните утрински часови.



# Напредна фаза во изградба на плоштадот „Карпошово востание“

Петок, 25 јули 2014

Во тек се завршните градежни активности околу реализацијата на проектот „Изградба на плоштад со партерно уредување“ со кој се опфаќа оформување на јавниот простор пред зградата на локалната самоуправа на општина Крива Паланка, со вкупна површина од 750 метри квадратни.
Плоштадот „Карпошово востание“ се уредува со 90% од светол гранит и 10% од темен гранит, а на кој блесна симболот Сонце од Вергина изработен од црвен и светло кафеав гранит.



Вредноста на проектот за партерното уредување е 17.869.920,00 денари обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралениот развој и Буџетот на општината. Изведувач на градежните работи од проектот е фирмата Цвет Компани ДООЕЛ Скопје.





# Реализацијата на проектот „Сите деца учат заедно - Прекугранична мрежа на инклузивни училишта“

Понеделник, 21 јули 2014

Започна реализацијата на проектот „Сите деца учат заедно - Прекугранична мрежа на инклузивни училишта“ кој се имплементира во партнерство со општина Дупница од Р.Бугарија. Проектот опфаќа изградба на пристапни рампи, лифтови и специјални тоалети за ученици со посебни потреби во седум училишта од шестте општини од регионот.

Градежените активности опфатени во проектот ги вклучуваат кумановските основни училишта „Толи Зордумис“ и „Бајрам Шабани“, „Дитура“ во Липково, „Кочо Рацин“ во Кратово, „Јоаким Крчовски“ во Крива Паланка, „Христијан Тодоровски Карпош“ во Ранковце и „Светозар Марковиќ“ во Старо Нагоричане.
Освен инфраструктура, проектот вклучува јавна кампања, како и јакнење на капцитетите на наставниот кадар од училиштата од двата региони, на Македонија и Бугарија.

Проектот е потпишан на 16 мај 2013 година, ќе трае две години, а се спроведува преку вториот повик на ИПА-програмата и чини околу 500.000 евра.



Општина Крива Паланка

Ул.„Св.Јоаким Осоговски“ 175

opkp@krivapalanka.gov.mk

www.krivapalanka.gov.mk